УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ГОДИНА 5 БРОЈ 5

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2018

**ГОДИНА 5** **БРОЈ 5**

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**
**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

**За издавачот:**
проф. д-р Блажо Боев,
проф. м-р Антонијо Китановски

**Главен и одговорен уредник:**
проф. м-р Антонијо Китановски

**Одговорни уредници и редакциски одбор:**
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
проф. м-р Горанчо Ангелов
проф. д-р Владимир Јаневски
проф. д-р Илчо Јованов

**Јазично уредување:**
Лилјана Јовановска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов

**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев” - Штип
Музичка академија
бул „Крсте Мисирков” 10-А
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

**С О Д Р Ж И Н А**

**Стефанија ЛЕШКОВА-ЗЕЛЕНКОВСКА, Валентина ВЕЛКОВСКА-ТРАЈАНОВСКА**
ИСТОРИЈАТОТ И РАЗВОЈНИОТ ПАТ НА ГУДАЧКИТЕ ИНСТРУМЕНТИ:
ВИОЛОНЧЕЛО И КОНТРАБАС (2) .......... 5

**Тихомир ЈОВИЌ**
ПОЛИФОНИЈАТА ВО КОМПОЗИЦИЈАТА ДОЈДОВМЕ ЗА МЕШАН ХОР
ОД ТОМИСЛАВ ЗОГРАФСКИ .......... 11

**Гоце ГАВРИЛОВСКИ**
УПОТРЕБА НА ФОЛКЛОРНИТЕ ЕЛЕМЕНТИ И
УМЕТНИЧКАТА ТРАНСПОЗИЦИЈА НА ФОЛКЛОРОТ ВО ВТОРИОТ
СТАВ „ЛАМЕНТОЗО“ ОД СИМФОНИЈАТА БРОЈ 5, НА
КОМПОЗИТОРОТ ТОМА ПРОШЕВ .......... 17

**Ивана ЈАНКОВ**
ДРАМАТУРГИЈА И НЕЈЗИНИОТ РАЗВОЈ НИЗ ОСОБЕНОСТИТЕ
НА МУЗИЧКИТЕИ ВОНМУЗИЧКИТЕ ИЗРАЗНИ СРЕДСТВА ВО
КОМПОЗИЦИЈАТА „МАКЕДОНСКО ОРО“ ЗА МЕШАН ХОР ОД
КОМПОЗИТОРОТ ТОДОР СКАЛОВСКИ.......... 27

**Зоран НАСТОВ**
АСПЕКТИ НА ХАРМОНСКИОТ ЈАЗИК НА ПРВИОТ СТАВ
ОД СУИТАТА БР. 2 ОД БАЛЕТОТ „ЛАБИН И ДОЈРАНА“ ОД
КОМПОЗИТОРОТ ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ .......... 33

**Александар ТРАЈКОВСКИ**
ПАВЛИНА АПОСТОЛОВА - ИНТЕРПРЕТАТОР НА 40 УЛОГИ НА
МАКЕДОНСКАТА ОПЕРСКА СЦЕНА .......... 39

**Дуња ИВАНОВА**
КОНТЕКСТОТ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА МУЗИЧКО ДОЖИВУВАЊЕ .......... 47

**Милица ШКАРИЌ и Елена ЕФРЕМОВА**
МУЗИЧКА ПИЈАНО ТЕРАПИЈА: СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СО ПОЧЕТНИК
ПО ПИЈАНО НА 9 - ГОДИШНА ВОЗРАСТ .......... 53

**Бисера ИВАНОВА**
ФОРМА, ОРНАМЕНТИКА, АРТИКУЛАЦИЈА И ДИНАМИКА КАЈ
ИЗБРАНИ СОНАТИ ОД ДОМЕНИКО ЧИМАРОЗА .......... 61

**Петре ШТЕРЈОВ**
КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРКЕСТАР БР. 2 ОП. 21 ВО ЕФ-МОЛ
ОД ФРЕДЕРИК ШОПЕН .......... 65

**Петар ТРБОЈЕВИЌ**
МУЗИКАТА НА ФИЛИП ГЛАС, МИНИМАЛИЗМОТ И ТИРОЛСКИОТ
КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРЕКЕСТАР .......... 71

**Ивана МИЛОШЕВИЌ**
ВЛИЈАНИЕТО НА ПЕЕЊЕТО ВО ХОР ВРЗ КОГНИТИВНОТО И
ЕМОЦИОНАЛНОТО СПОЗНАВАЊЕ НА ДЕЦАТА .......... 75

**Лидија ЈОРДАНОВА**
УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ТЕОРИИТЕ НА
ПРОФЕСИОНАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА .......... 81

**Горанчо АНГЕЛОВ**
ФАРИЗ ХАЈРУЛА – ЗУРЛАЏИЈА И ИЗРАБОТУВАЧ НА „КАБА“
ЗУРЛИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА .......... 91

**Владимир ЈАНЕВСКИ**
МАШКИ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО МАКЕДОНСКАТА ЕТНОКОРЕОЛОШКА
КЛАСИФИКАЦИЈА .......... 103

**Стојанче КОСТОВ**
КРАТОК ОСВРТ НА ОРСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО ЕТНИЧКИОТ
ПРЕДЕЛ РАДОВИШКО ПОЛЕ .......... 109

**Христијан НИКОЛОВСКИ**
ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА КИНЕТОГРАФИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА .......... 115

**Силвестер ПРОЛЕ**
ЕТНОКОРЕОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОРАТА ВО
РАДОВИШКОТО СЕЛО ГАБРЕВЦИ .......... 121

**Љупка СТЕФАНОВСКА**
47 ГОДИНИ РЕПУБЛИЧКИ ФЕСТИВАЛ НА НАРОДНИ ИГРИ И
ПЕСНИ „ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ“ – БИТОЛА (1971 – 2018) .......... 125

**Горан ВАСИЛЕСКИ**
ИВАНДЕНСКИТЕ ЖЕНСКИ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО
ПРИЛЕПСКО-БИТОЛСКО ПОЛЕ И ЖЕЛЕЗНИК .......... 131

**Тијана ЈАНЕВСКА**
ОРОВОДНАТА ПЕЈАЧКА ТРАДИЦИЈА ВО ПРЕДЕЛОТ ДУРАЧКА РЕКА .......... 139

**Бојан ПЕТКОВСКИ**
ФИЛМУВАНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБРЕДОТ ЛАЗАРКИ
ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ ДОЛНИ ПОЛОГ .......... 143

**Дени СИНАДИНОВСКИ**
ВЕЛИГДЕНСКИТЕ ОБРЕДНИ ИГРИ ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ
ПОРЕЧЕ И НИВНИТЕ ЕТНОКОРЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ .......... 149

**Иво СОЛДАТОВИЌ**
ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ДРАГАН ЃАКОНОВСКИ-ШПАТО .......... 155

**Мирослав МИЛКОВСКИ**
МУЗИКАТА НА ЧИК КОРЕА .......... 163

**78.071.1/.2:929(497.4)Ѓаконовски, Д.**

# ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ДРАГАН ЃАКОНОВСКИ – ШПАТО

Иво СОЛДАТОВИЌ[1]
[1] Магистранд на одделот по џез-студии < ivosoldatovic@hotmail.com>

**Апстракт:** Драган Ѓаконовски – Шпато спаѓа меѓу најмаркантните и најзначајните имиња во македонската забавна и џез-музика. Се појавил пред крајот на четириесеттите и почетокот на педесеттите години на минатиот век, во време кога на нашата музичка сцена ѝ бил потребен токму ваков музички профил. Како исклучително талентиран, голем вљубеник во музиката и безграничен ентузијаст, без можност да стекне формално образование за стиловите што го привлекувале од најраната младост, но доволно музички писмен и „наоружан“ со својот совршен музички слух, Ѓаконовски, морал да тргне по најтешкиот пат кон откривањето на бескрајните тајни на компонирањето, аранжирањето и оркестрацијата. Слушајќи ги најголемите светски мајстори и симнувајќи ги нивните дела на нотна хартија, тој ги откривал правилата и законитостите на тие музички жанрови, истовремено изградувајќи ја на тој начин и својата творечка личност која се одликува со оригиналност, естетика, инвентивност и изведувачкото мајсторство. Како диригент, аранжер и композитор, извршил силно влијание поттикнувајќи го и забрзувајќи го процесот на афирмацијата на македонската популарна музика. Тој е најзначајната фигура во македонската популарна музика, музичар со голема енергија, со вроден инстинкт –вистинска музичка легенда.

***Клучни зборови***: Драган Ѓаконовски – Шпато, живот, музички опус.

## Вовед

Личноста на Драган Ѓаконовски – Шпато и неговиот голем опус што ни го оставил како музичко наследство, ќе бидат предмет на многу интересирања и опсежни анализи на идните генерации – музичари и историчари. Нема музичар и пејач од тој период кој не соработувал со Шпато, кој не бил посоветуван, подучуван, но и прекоруван ако нешто не звучело како што треба, затоа што тој бил таков, перфекционист, но истовремено и бескрајно искрен и чесен во намерите. Многу музичари и пејачи се формирале и се определиле за музика како професија под директно влијание на Шпатовата музичка личност.



Драган Ѓаконовски – Шпато
(Скопје, 11 март 1931 – Скопје, 3 јануари 1987)

## 1. Семејството Ѓаконовски

Јован, дедото на Драган, бил ѓакон во црква во Скопје, па оттаму презимето Ѓаконовски. Шпато, семејниот прекар, доаѓа од зборот *шпат*, што на албански значи *сабја*, а тоа доаѓа од тоа што дедо му често бил во конфликти со Турците.

Васил Ѓаконовски – Шпато, таткото на Драган, со завршена Воена академија во Софија, по капитулацијата на Германија во 1918 година отишол во Виена да студира на Виенскиот конзерваториум каде што ја запознал Марија, мајката на Драган. Во 1923 година, приморан да ја напушти Виена, тајно се венчаваат со Марија и доаѓаат во Скопје. Првиот син Хари им се родил во 1924, а вториот Драган во 1931 година.

Драган учел основно во училиштето „Света Богородица“ во Скопје. Семејната куќа, која била срушена од земјотресот во 1963 година, се наоѓала некаде на просторот на сегашниот Дом на занаетчии.

Драган, кој како дете го викале Гано, бил отворен, слободен, самостоен, љубопитен, со неисцрпна фантазија, дарба за цртање, бил авторитет. Сакал да учи, да истражува, да конструира, да направи нешто ново, необично, едноставно се разликувал од другите.

Во 1941 година, на почетокот на германската окупација, Васил, кој едвај се извлекол од Воената болница во Скопје, го зел своето семејство и избегале во селото Љубанци. Драган морал да го напушти четвртото одделение. Татко му се вратил во Скопје каде свирел ко кафеани и тајно се наоѓал со другарите комунисти. Подоцна, бугарската војска го пронашла Васил и го мобилизирала во резервен поручник и бил задолжен во некој воен магацин. Кога Бугарите капитулирале, Васил се вратил кај своето семејство и тие често свиреле за ранетите партизани во Љубанскиот манастир. Потоа се преселиле во селото Радишани, Битолско. Таму исто така свиреле за ранетите партизани, сè до 13 ноември 1944 година кога на пајтон со инструменти тргнале за Скопје да им свират на другарите.

Во тој период, нешто подоцна, Драган бил девер на свадбата на неговиот 21-годишен брат, Хари.

Во 1950 брат му Хари заминал на студии по виолина во Белград, а со него отишол и татко му Васил, за го контролира во учењето. Кон крајот на истата година до Драган и мајка му Марија стигнала вест дека Васил е болен од цироза на црниот дроб. До средината на 1951 година здравјето на Васил многу се влошило и тој починал на 1 јули. Драган бил испратен во Отешево на четири месеци за да не мисли на смртта на татка си. Таа година за Драган била и многу лоша и многу добра. Го загубил татко му, брат му се развел и имал наекакви „наивни“ проблеми со полицијата, но без последици. За добра страна го смета тоа што почнал да го служи шестгодишниот воен рок со служење во воениот оркестар кој му овозможил да биде блиску до музиката.

**2. Почетоци**

Мисија: создавање „Традиција на џез и евергрин забавна музика во Македонија“.

Роден во музичко семејство. Татко му имал репутација на „најдобар мандолинист на Балканот“, мајка му била пејачка, а постариот брат Хари, исто така се занимавал со музика. Драган почнал да учи виолина од својата шеста година. Набрзо, престанал да свири виолина, но не престанал и неговиот интерес за музиката. Татко му Васил лесно ги препознал предиспозициите и желбите на син му и му купил хармоника („Хохнер“ за која подоцна Шпато напишал дека била неговиот „инструмент од соништата“). Првиот свој јавен настап го имал како член на семејното трио (со татко му и брат му) за ранетите партизани во манастирот во село Љубанци. Вистинското јавно претставување му било со истото трио во програмата на Радио Скопје (за што самиот Шпато вели „...мислев дека ќе летнам од некоја возбуда, задоволство, радост...“) и токму тој настап на триото „Шпато“, многумина го сметаат за почетокот на македонската забавно-музичка сцена. Во тој момент Драган почувствувал дека музиката ќе биде негова животна определба.

Со брат му Хари формираат Забавен салонски оркестар, кој во почетокот свирел од печатени аранжмани, но набргу за него почнал да прави своевидни инструментации (аранжмани) самиот Драган Ѓаконовски. На 14 години, во една ситуација за истиот тој оркестар, Драган направил една минорна грешка во аранжманот, односно во регистарот на еден од инструментите. Музичарите го поправиле, му ја посочиле грешката, не било ништо сериозно, но тој го сфатил тоа лично и се засрамил. Тоа било причина да ги проучи инструментите во секоја смисла (во кој регистар најдобро звучат, кои се неговите изразни можности и сл.).

Во 1946 почнал да формира и мали состави во кои правел аранжмани на тогаш познатите евегрини, во тие состави тој свирел хармоника. Во истата година се запишал во Средно музичко училиште (во кое за жал, не завршил ниту 3 години). Паралелно со ова продолжил да ја следи светската, главно џез-музика (толку колку што било можно во тоа време) и да мелографира и да аранжира музика од тогашните најголеми светски имиња. Постојано свирел со мали состави и со оркестарот на брат му.

### *2.2. Првите композиции*

Во 1948 година како 17-годишно момче формира нов, поголем ансамбл – „Саџо“ (Студентски аматерски џез-оркестар) за кој мелографирал и аранжирал голем број композиции, речиси сѐ што ќе слушнел и ќе му се допаднело, го адаптирал за оркестарот. Тоа било голема преродба за него. Овој состав кој му делувал охрабрувачки, полека го навел во композиторскиот свет. Тогаш ја создал и својата прва композиција „На игранка“ (напишана со голема винимателност како не би наликувала на некоја туѓа песна), компонирана во стил на блуз дванаесетерец. Таа во 1983 година на Скопскиот џез-фестивал неофицијално е прогласена за прва македонска џез-композиција.

Пишувал по 3 – 4 композиции годишно, многу му било важно тие да имаат мелодиско-хармонска целина, да имаат музичка логика и естетика и да имаат добра форма. Истата година ја напишал и „Гарача“ (една од најубавите композиции на Шпато), како голем вљубеник на латиноамериканската музика тој бил и под влијание на истата. Девет години подоцна таа е првпат снимена, а дури дваесет години по создавањето станува хит, со многу попознатиот наслов „Ми вети ти“.

Во деценијата потоа Драган Ѓаконовски – Шпато интензивно музицирал, снимал за потребите на Радио Скопје, пишувал своја музика и главно аранжирал светски хитови за различни состави. Тој не признавал никаква друга поделба на музиката, освен на добра и лоша. Велел дека ниту најдобар светски инструментатор не може да спаси лоша творба. Легендарна е и вистинската приказна за филмот „Бал на вода“, кој Шпато го гледал вкупно 36 пати (еднаш во Белград и 35 пати во Скопје), успевајќи да ја мелографира и да ја запише музиката од целиот филм, комплетно со целата инструментација и сите детали. Во тоа време немало магнетофони во Скопје, па другарите со батериски лампи му осветлувале додека тој запишувал.

Во педесеттите години се вработил во Оркестарот на милицијата. Репертоарот кој морал да се свири во оркестарот, воопшто не ги задоволувал потребите на Шпато. Затоа, тој во рамките на оркестарот формирал и биг-бенд кој бил составен од најдбрите музичари, работеле службено, но повремено и самостојно. Настапувале често на програмата на Радио Скопје со вокални придружби и имале повеќе турнеи низ градовите во Македонија. Поради извонредните адаптации на Шпато од најпопуларните теми од филмот „Бал на вода“, овој биг-бенд бил неверојатно популарен низ целата замја.

Радио Скопје во 1951 година го формира Ритмичкиот секстет за потребите на својата програма. Оркестар кој во следните години ќе одигра исклучително голема улога во развојот на македонската забавна музика. Од истиот тој, во 1956 година се формира поголемиот Забавен оркестар, од кој пак во 1961 година настанува Танцовиот оркестар или биг-бенд. Со сите нив главно раководел Шпато, бидејќи се знаело дека тој е способен музичар кој професионално може да ја организира музиката. Тој, со пожртвуваност, голем ентузијазам и посветеност работел со секстетот, а својот вреден дух успеал да им го пренесе и на останатите музичари.

Во 1952 година, Шпато, напишал една композиција која се смета за најуспешно имплементирање на македонскиот фолклор во забавна музика. Тоа е композицијата „Осаменост“.

Во истата година, Ритмичкиот секстет прераснал во септет. Покрај Драган Ѓаконовски, во составот имало и други музичари кои пишувале композиции. Бидејќи септетот главно изведувал познати светски нумери, Шпато не сакал да изведуваат многу од нивните композиции, затоа што сѐ што свиреле, сакал да биде на ниво на познатите евергрини.

Ритмичкиот септет во 1956 година се реформирал и станал Забавен ансамбл на Радио Скопје. Музичарите биле со статус на постојано вработени, а Шпато бил поставен за диригент.

Како завршница на концертната сезона во Скопје 1956 година, се случува многу значаен концерт. Имено, Забавната редакција на Радио Скопје и Скопската филхармонија заеднички организираат проект, каде што Шпато за прв пат ќе може да аранжира и диригира голем ревиски оркестар. Репертоарот го одбрал тој и се состоел од џез и забавни композиции напишани од најголемите „мајстори“ во тоа време. Настанот бил од големо значење за уредниците, па затоа тие го ставиле Шпато во некоја канцеларија од каде тој четири дена не излегол и неуморно работел на материјалот. Концертот се одржал на 16 јули и постигнал неверојатен успех. Публиката со овации аплудирала барајќи бис, а печатените весници

утредента пишувале со малку сомнеж за изборот на композиции, но со комплименти и пофалби за изведбите и аранжманите.

### *2.3. Фестивали*

Кон крајот на педесеттите тој го постигнува својот најголем професионален успех дотогаш и тој му носи афирмација и надвор од Македонија. На анонимен конкурс за првиот фестивал на забавна музика на Југословенската радио дифузија (ЈРД) примена е и една композиција од македонски автор. Димитар Масевски е автор на мелодијата, а на стиховите Ѓоко Георгиев, аранжманот го пишува Драган Ѓаконовски, а интерпретатор е Аница Зубовиќ, оперска певица од Белград. Наслов на песната е „Последна солза“. Конкуренцијата била силна бидејќи учествувале најголемите аранжери и композитори на забавна музика во Југославија. На фестивалот кој се одржал во Белград, Ѓаконовски ја освојува наградата за најдобар аранжман, а Ѓоко Георгиев за најдобар текст. Со добивањето на наградата, како и со секое понатамошно појавување на фестивалите во Југославија, Драган Ѓаконовски ќе си обезбеди почит во највисоките професионални музички кругови.

Од средината на педесеттите години, па сè до Скопскиот земјотрес во 1963 година кога била урната, концертната сала на стариот Офицерски дом во Скопје била домаќин на настани што секогаш предизвикувале голем интерес кај публиката, бидејќи забавната и џез-музика Шпато ја издигнал на високо професионално ниво. Се изведувале композиции од домашни и од странски композитори. Забавната била нешто позастапена од џез-музиката, но Шпато богато ја хармонизирал за да биде поблиску до џезот. Тука се издвојува композицијата „Село мое“ на Слободан Николовски која е напишана со мотиви од македонски фолклор, а оркестрирана од Драган Ѓаконовски. Со својот карактеристичен увод, оваа композиција ги поставува темелите за создавање на автентична македонска забавна музика. А како настан се издвојува концертот во 1959 година, по повод 15 години постоење на Радио Скопје. За концертот се споиле Забавниот оркестар, музичари од Воениот и Градскиот оркестар и Гудачки ансамбл составен од музичари од Операта и Македонската филхармонија. Репертоарот кој бил мошне обемен, бил целосно создаден и ставен од Шпато, кој исто така бил и диригент.

Кога фестивалот на забавна музика, „Сан Ремо“ во Европа, а и кај нас, предизвикал голем интерес и имал силно влијание, популарните мелодии од фестивалот Ѓаконовски со неверојатна брзина ги мелографирал и преаранжирувал, и по само два-три дена ги раздавал штимовите и песните веќе можеле да се чујат на радио.

Во 1961 година Забавниот оркестар прераснува во Танцов оркестар, кој е првиот професионален Биг-бенд во Македонија. За татко на тој оркестар се смета Шпато. Во сите години на постоењето на оркестарот, тој неуморно работел на пропагирањето, како и на создавањето услови за организирана изведба на џез и забавна музика, откривајќи и подучувајќи многумина млади инструменталисти, формирајќи мали состави, подучувајќи и поттикнувајќи млади автори и помагајќи ги и новите пејачки потенцијали.

Во 1962 година се случува најголемиот успех на македонската забавна музика. На фестивалот „Опатија“ победува песната „Еден бакнеж“ со мелодија на Петар Пешев, стихови на Христо Крстевски и аранжман на Драган Ѓаконовски, ја исполнуваат Нина Спирова и Зоран Георгиев. Во следните години таа ќе биде југословенски хит, а во Македонија победата се доживува како награда и признание за сите што вложиле многу труд и ентузијазам во развојот на забавната музика.

Професионалната кариера на Драган Ѓаконовски – Шпато, во целина се одвивала во нагорна линија. Многу успеси на фестивалите низ Југославија, многу нови песни, пејачи, пејачки, композитори, аранжери, инструменталисти, сè било поврзано со него.

Кон крајот на шеесеттите тој е иницијатор на создавањето на познатиот вокален квартет „Импулси“, со кои остварува исклучително плодна творечка активност. Квартетот, кој се создал во неговиот дом, Ѓаконовски, како лидер им кажал дека неопходно и најбитно за успех е секојдневна и макотрпна работа и голема посветеност.Тој бил комплетно посветен на нивниот репертоар. Избирал и аранжирал џез-стандарди и евергрини, компонирал нови или преаранжирувал стари композиции за квартетот. По три месеци од создавањето тие ги снимат првите 5 композиции за кои добиваат многу позитивни критики. Потоа и настапот на

фестивалот „Скопје `70“ исто така поминува со многу позитивни критики и коментари. На истиот фестивал тој добива прва награда за друга композиција под насловот „Последен ден на разделбата“, но самиот тој велел дека наградите нему не му значеле многу.

Во почетокот на седудесеттите по седумгодишна пауза повторно се враќа во Танцовиот оркестар и е назначен за диригент. Тогаш за првпат му се јавуваат здравствени проблеми, но тој не престанува да работи со полна пареа, сè до 1978 година кога веќе не е во можност да диригира. Во 1974 година „Импулси“ имаат настап на најреномираниот музички фестивал во Југославија, „Опатија“. Композицијата „Носталгија“, напишана од Драган Ѓаконовски, една од најубавите која ја напишал за квартетот, добила големо внимание од публиката, но и од високите музички кругови кои можеле да ја забележат вредноста на таквата музика. Жирито било поделено, некои дале највисоки оценки, а другите, ниски. Во наредните денови печатот тоа го прогласил за голема неправда.

Наредните години Ѓаконовски е многу продуктивен, пишува нарачани композиции и композиции за квартетот. Во втората половина на седумдесеттите години на минатиот век, за прв пат добива анганжман да пишува музика за театарска претстава. Се работи за претставата „Славата и смртта на Хоакин Муриета“ од Пабло Неруда, во режија на Владимир Милчин. По премиерата на претставата во 1976 година во Скопје, таа добива многу позитивни критики, особено за музиката, меѓу кои и една од многу познат чилеански критичар. Но, на Ѓаконовски му било најбитно што ги оправдал очекувањата на режисерот.

### 3. „Марија“

Со лошо здравје и веќе два шлога, во летото 1976 година, Ѓаконовски добива срцев напад. По интензивно лекување докторите успеваат да ја стабилизираат состојбата и му овозможуваат повторно да функционира нормално. Но, Шпато веќе чувствува, како што самиот ќе напише, дека е на крајот на неговата мисија за создавање „Традиција на џез и евергрин забавна музика во Македонија“, но и дека е задоволен што успеал во тоа. Сеќавајќи се низ колку многу стилови поминал во неговата музичка кариера и својот опус и колку многу музичари запознал, колку млади таленти испратил на прав пат, почувствувал дека мисијата е создадена, дека ужива почит во цела Југославија и во странство.

Наредните две години продолжува да компонира и испраќа седум композиции на фестивалот „Скопје“, од кои само една добива трета награда. Во 1978 година доживува трет мозочен удар и докторите веќе дефинитивно му забрануваат да диригира. По разделбата со Танцовиот оркестар, Шпато речиси целосно му се посветува на компонирањето, а аранжирањето на кое има потрошено најмногу енергија, го преземаат неговите ученици и наследници. Во годините кои следат, пишува композиции за фестивалот „Скопје“, по смртта на Јосип Броз Тито, пишува композиции и за него, за Фестивалот „Опатија“, за Биг-бендот, остварува плодна соработка со квартетот „Рибарски“, за фестивалот „Раденци“ во Словенија, и други.

1986 година, Ѓаконовски ја пишува својата најдолга, најнежна и последна композиција Марија, која ја посветува на својата сопруга, жената со која ги поминал најубавите семејни години од својот живот.

На 3 јануари, 1987 година, исцрпениот и тешко болен Драган Ѓаконовски – Шпато, ќе почине. Има само 56 години.

„Тоа е сè“

Драган Ѓаконовски – Шпато

„...архитектурата е на архитектите, медицината е на медицинарите, поезијата е на поетите, сликарството е за оние што го разбираат, музиката исто така...“

Драган Ѓаконовски – Шпато

### 4. Творечки опус

„...со својата музичка генијалност тој беше далеку над времето во кое забавната музика и џезот се наоѓаа во Македонија. ...Беше единствен по својата генијална способност да ги дешифрира тонските снимки... Тоа не беше препишување, туку една вистинска музичка креација... од таа музика тој правеше совршени аранжмани за скромните музички ансамбли...“

– Ладислав Палфи

**4.1.** ***Вокални композиции***

Акорди по едно лето – Ц. Ласкова
Блузот на црната пејачка – Мелпомени Корнети
Без повраток – Импулси
Во име на цветот – Катерина Таневска
Гарача Љупка – Апостолова
Глас од далечината – Импулси
Далечен крај – Нина Спирова
Далечен крај – Велко Трпчевски
Даниела – Љ. Димитровска (со РО на РТВ Љубљана, ар. Н. Калоѓера)
Даниела – Импулси
Ден љубен бесповратен – Импулси
Девојка и песна – Виолета Томовска
Дојди есен – Импулси
Единствена песна – Маријана и Росана
Ехо на љубовта – Момо Николовски
Идила – Нина Спирова
Идила секогаш што била – Квартет Мелос (Загреб)
Идила секогаш што била – Импулси
Илјада проблеми – Импулси
Играј и пеј Калипсо
Илузија – Зоран Георгиев
Импресија – Импулси
Индекс и љубов – Христо Крстевски
Индијана – Т. Маниќ
Индијана – Љ. Апостолова
Исповест на црномурестата жена – Нина Спирова
Калипсо – Љупка Апостолова
Катерина – Христо Крстевски
Кога пеам, кога љубам – Диме Поповски (со РО на РТ Љубљана)
Кога си сама – Др.Мијалковски
Копнеж за танц – Зафир Хаџиманов
Лени – Диме Поповски (со РО на РТ Загреб, арр. Миливој Керблер)
Љубов од дамни дни – Зоран Георгиев
Љубовна тема – Нина Спирова
Ми вети ти – Диме Поповски (со Џез-оркестарот на РТ Белград)
Младоста е убава – Даниела Панчетовиќ
Мојот дом – Драган Мијалковски
Молчи една долина – Блага Видец (сним.1961, ГЗО на РС)
Молчи една долина – Зоран Милосављевиќ
Нашиот Титов ден – С. Бајрамов
Не ме заборавај – Цветанка Ласкова
Неповратни дни – Љиљана Петровиќ
Неповратни дни – Импулси
Незаборав – Веле Матевски
Незаборав – Златко Давчевски
Носталгија – Импулси
Песна за Кузман Јосифовски – П. Мирјана Тасевска
Песна за мојата пријателка
Песна за вечната младост – Импулси
Планината во спомени – Томислав Маниќ
Последен ден на разделбата – Диме Поповски
Прва љубов – Ванчо Тарабунов
Роден крај – Импулси
Само надежта останала – Цветанка Ласкова
Се боревме за светла иднина – Д.Мијалковски
Се боревме за светла иднина – гр. Македонија
Сини очи – Веле Матевски
Си одам и се враќам пак – Андреа Сопронов
Снегулки – Импулси
Со Тито и Партија – Љупчо Босилков
Те ценам цени ме… – Импулси
Те носам во себе – Виолета Томовска
Титовиот пат – Драган Мијалковски
Тој и таа – јас и ти – гр. Пепел ин кри
Убава си како музика – Драган Мијалковски
Во името на цветот За нас почнува живот – Даниела Панчетовиќ
Загатка – Импулси
Зар сѐ одминало – Импулси
Зар вистина е крај – Веле Матевски
За тебе е сѐ – Импулси
Знамето на мојот одред – Јасмина Беличанска
Жолта липа – Томислав Маниќ
Што се дворој без нас – Сефедин Бајрамов

**4.2.** ***Инструментални композиции***

Балада за Бранка – К. Рибарски, тромбон
Блузот на црната пејачка – З. Јовановиќ, на кларинет

Балада за гитара – П. Лукиќ, соло гитара со ТО на РТС
Во спомен на старото пријателство – М. Асановиќ, тенор сакс со ТО на РТС
Гарача – ТО на РТС
Гермијан – ТО на РТС
Гарача – ТО на РТС
Главна тема – К. Рибарски, тромбон
Гитарата ја оплакува смртта на Муриета
Дојди есен – Квартет Рибарски
Дојди есен – ТО на РТС
Дојди есен – Ратко Спасовски – Пици, кларинет
Далечен крај – Б. Чешларов, на труба
Егзотика – Квартет Рибарски
Елегија за тромбон – Кирил Рибарски, тромбон
Еден бакнеж – РО на РТЉ
Ехо од далечното минато – ТО на РТС
Злато најдоа, злато во Калифорнија – РО на РТС
Идила – Никола Комовски, пијано
Импресија – П. Лукиќ, гитара со ТО на РТС
Идила – Б. Чешларов, на труба
Идила – Голем забавен оркестар (сним. 1959)
Индекс и љубов – Голем забавен оркестар (сним. 1959г)
Исповест на црномурестата жена – З. Јовановиќ, кларинет
Јас не сум ти – Џез-ансамбл на РТС
Кога си сама – РО на РТС
Лајт мотив 1 – РО
Лајт мотив 2 – РО
Лајт мотив 3 – К. Божиновски, флејта со Рев. Орк
Љубовна тема – К. Рибарски, тромбон СО Рев. оркестар
Љубовна тема – К. Божиновски, флејта
Лени – Квартет Рибарски
Лени – ТО
Летна ноќ задна ноќ – К. Костов, труба, П,Каргов, т. сакс
Мамбо гарача – Никола Ципушев, пијано, со Ритмичен секстет
Марија – К. Димушевски, вибрафон
Ми вети ти (џез-верзија) – Трио Лабиш, (арр. Зоран Павловски)
Мими – Б. Мицев, пијано
Мими – К. Рибарски, тромбон
Младоста е убава – Зоран Јовановиќ, кларинет
Молчи една долина – Голем забавен оркестар (1960)
Молчи една долина – Христо Христовски, гитара
На игранка – Т.О. на РТС, Б. Ноев, труба П. Каргов. сакс
Народна игра – ЗО на РТС
Осаменост (Молчи една долина) – Квартет Рибарски
Песна на русокосата пејачка – З. Јовановиќ, барит. сакс, К. Рибарски, тромбон
Поздрав до А. К. Жобим – Рамиз Имеров, тромбон со ТО на РТС
Поздрав до оркестарот – ТО на РТС, солист К.Костов, труба
Радост на победата – Забавен ансамбл
Reg Time – Диксиленд ансамбл
Синтеза – К. Костов, флигелхорна
Свечена игра – Забавен ансамбл
Тема број 1, Транскрипција на една замислена тема – ТО на РТС
Титовиот пат – ТО на РТС
Убава си како музика – Љупчо Мирковски, труба
Чилеанска игра – Забавен орк. на РТС 2.

**Користена литература:**


1. Димитров, В. (2010). *Драган Ѓаконовски – Шпато „Музичка легенда“.* Скопје: Музичко издавачки центар – МИЦ
2. Коловски, М. (2018). *ЃАКОНОВСКИ – ШПАТО Драган.* Скопје: Поставено од SOCOM. Преземено на 16.4.2018.www.sokom.mk/mk/member/ѓаконовски-шпато-драган
3. Leskova,St.(2015). *Gjakonovski Špato, Dragan.* Online. Oxford University Press.
4. Ристевски, Ал.(2004). *Здружение на автори на музички дела на Република Македонија – ШПАТО.* преземено на 15.4.2018. www.shpato.mk
5. Радио интервју (година непозната).